РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 05-09-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11- | 101 | 1 | |

( Образец ПП……)

До: Општина Битола
ул. Бул. „1-ви Мај" бр.61
7000 Битола, РС Македонија
Евгенија Чукалева - службено лице задолжено за посредување при остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер
e-mail: evgenija.cukaleva.ob@gmail.com
(имател на информацијата)

## БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

[redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
[redacted]
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), и согласно член 51 од Законот за животна средина, од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Ве молам да ме информирате во врска со состојбата со следните документи, кои се обврзни согласно националното законодавство и општината треба да ги поседува. Некои од подолу наведените документи не се законски обврзни, но законот дава можност општината да ги изработи, усвои и реализира.

Согласно член 56 од Законот за животна средина, Субјекти кои поседуваат информации за животната средина (каде се вбројуваат и ЕЛС), се должни, во зависност од нивната надлежност, информациите за животната средина со кои располагаат или кои други ги чуваат во нивно име, да обезбедат ширење, достапност на јавноста и одржување на информациите, во форми и во формати кои можат лесно да се репродуцираат и да бидат достапни преку мрежите на електронска комуникација.

1. Според програмата за животна средина за 2024 год. е предвидено изработка на карта и акционен план за бучавост за општина Битола. Доколку овие документи се изработени ве молиме да ни ги доставите, доколку не се, бараме информација до каде е нивната изработка и кога се планира да бидат изработени?
2. Според програмата за животна средина за 2024 год. е предвидено изработката на Зелен катастар на територијата на Општина Битола - Дел трети - за потег од Градски Парк – АРМ – Партизанска Шик Лавци до Кружен тек Веро- Парк Стив Наумов - улица Филип Втори Македонски - Баталјон Стив Наумов-Карпош/Кланица – ул.Васко Карангелевски. Доколку зелениот катастар е изработен ве молиме да ни го доставите, доколку не е, бараме информација до каде е неговата изработка и кога се планира да биде изработен?

3. Според ЛАП за управување со отпад во општина Битола за 2024 год. е предвидена изработка на регионална база на мапирани ѓубришта. Доколку базата е изработена ве молиме да ни ја доставите, доколку не е, бараме информација до каде е нејзината изработка и кога се планира да биде изработена?
4. Дали е формирано тело за следење на ЛЕАП за Општина Битола за 2024-2030 год., кои се членовите на телото и колку состаноци имаат одржано во текот на 2024 год.?
5. Доколку е изработена Финансиска програма за одржување на јавната чистота на јавните површини на територијата на Општина Битола за 2024 год. ве молиме да ни ја доставите?
6. Доколку е изработен Извештај за состојбата со животната средина во Општина Битола ве молиме да ни го доставите? Доколку не е, ве молиме да не информирате кога ќе биде изработен извештајот?
7. Доколку е изработена Стратегија за управување со климатски промени за Општина Битола ве молиме да ни ја доставите, доколку не е, ве молиме да не информирате кога ќе биде изработена стратегијата?
8. Доколку е изработена Стратегија за одржлив развој за Општина Битола ве молиме да ни ја доставите, доколку не е, ве молиме да не информирате кога ќе биде изработена стратегијата?
9. Доколку е изработена Стратегија за локален рурален развој за Општина Битола ве молиме да ни ја доставите, доколку не е, ве молиме да не информирате кога ќе биде изработена стратегијата?
10. Дали имате изработено План за ерозија за општина Битола? Доколку имате ве молиме да ни го доставите, доколку не, ве молиме да не информирате кога ќе биде изработен?
11. Дали имате изработено План за стопанисување со шуми за општина Битола? Доколку имате ве молиме да ни го доставите, доколку не, ве молиме да не информирате кога ќе биде изработен?
12. Дали имате изработено План за уредување на речни корита за општина Битола? Доколку имате ве молиме да ни го доставите, доколку не, ве молиме да не информирате кога ќе биде изработен?
13. Дали имате изработено План за заштита од природни непогоди за општина Битола? Доколку имате ве молиме да ни го доставите, доколку не, ве молиме да не информирате кога ќе биде изработен?
14. Доколку е изработена Програмата за финансирање на Граѓанските организации во Општина Битола за 2024 год. ве молиме да ни ја доставите, доколку не е, ве молиме да не информирате кога ќе биде изработена програмата?
15. Доколку е изработен План за управување со заштитено подрачје во рамките на Општина Битола ве молиме да ни го доставите, доколку не е, ве молиме да не информирате кога ќе биде изработен?

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

---

[redacted]

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Битола, 04.09.2024 година .** ______________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

До
Одделение за урабнистичко планирање
и заштита на животната средина

Бр.11-101/2

05.09.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-101/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

12.09.2024
IX

Евгенија Чукалева

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за комунални дејности
и уредување градежно земјиште

Бр.11-101/3

12.09.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-101/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Немаат одговор од комуналното за 8 и 9 прашање

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Евгенија Чукалева

Примил:
16.09.2024

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за економски развој

Бр.11-101/3
12.09.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-101/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Евгенија Чукалева

Примил:
16.09.2024

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 19.09.2024

| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 11 | 101/4 | | |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина
Сл-31
12.09.2024 год.
Битола

До
Емилија Илиевска
Лице задолжено за информации од јавен карактер

ПРЕДМЕТ: Одговор на Барање врска предмет бр.11-101/2 од 12.09.2024 година

Во врска со Барање бр.11-101/2 од 12.09.2024 година, а се однесува на информации од јавен карактер поврзани животната средина, Ве информираме дека Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина ќе ги одговори само оние прашања за кои има надлежност во работата.

1.Согласно Програмата за животна средина за 2024 година изгласана од Советот на Општина Битола обезбедени беа средства за Изработка на карта и акционен план за бучавост на територијата на Општина Битола.

Општина Битола преку Одделението за јавни набавки спроведе јавна набавка за избор на оператор за горенаведениот предмет за набавка со број на оглас 12897/2024 . Поради фактот што постапката не е завршена истата после завршување можете да ја најдете на системот за јавни набавки e-nabavki@gov.mk.

2.Што се однесува на Изработка на Зелен катастар на територијата на Општина Битола дел 3, Зелениот катастар е во фаза на изработка и истиот ќе биде готов крајот на сепрември почеток на октомври.

За сите информации и избор на операторт информациите и договорот се јавно достапни на системот за јавни набавки e-nabavki@gov.mk

4.Не, Општина Битола нема формирано работно тело за следење на работата на Локален еколошки акционен план.

6.Годишен Извештај за работата на Одделението за животна средина е изработен и е испратен до Совет на Општина Битола, додека Годишен Извештај до Министерство за животна средина и просторно планирање оваа година од нас не е побаран бидејќи се спроведуваа Претседателски и Парламентарни избори.

Извештајот испратен до Советот на Општина Битола ќе биде прилог на овај Допис

7.Општина Битола нема изработено Стратегија за климатски промени.

Изработил: Александра Ангеловска

Контролирал: Љубо Атанасовски диа

РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

м-р Валентина А. Кривашија диа

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**
Одделение за економски развој

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 19.09.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 101/5 | | |

До
Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Врска:
Ваш бр.11-101/4
17.09.2024

**Предмет: Доставување на одговор по барање за пристап до информации од јавен карактер**

По однос на поставеното прашање бр.8, општина Битола Ве информира дека Стратегијата за одржлив развој на општина Битола во најголем дел се содржи во Стратегијата за локален економски развој на општина Битола 2023-2027 година. Истата може да ја најдете на следниот линк:

https://www.bitola.gov.mk/wp-content/uploads/2023/10/Strategija-ler.pdf

По однос на поставеното прашање бр. 9, општина Битола нема посебна Стратегија за локален рурален развој. Се предвидува во следната година да биде земена во предвид нејзина изработка.

Изготвил:
м-р Емилија Сарафска

Одделение за Економски развој

Раководител:
Венцо Шишкин, дги

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 334 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-101/6
20.09.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **05.09.2024 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted], по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-101** од **05.09.2024 година**, каде бара информација според програмата за животна средина за 2024 година е предвиено изработка на карта и акционен план за бучавост за општина Битола, да се достават истите а доколку не се доставени до каде е нивната изработка (детален опис во прилог на Решението)

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот [redacted], поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 11-101 на ден 20.09.2024 година. Во барањето наведе дека бара информација колку каде бара информација според програмата за животна средина за 2024 година е предвиено изработка на карта и акционен план за бучавост за општина Битола, да се достават истите а доколку не се доставени до каде е нивната изработка

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-101/1 од 05.09.2024.
2.Допис до Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина со бр. 11-101/2 од 05.09.2024.
3. Допис до Одделение за економски развој со бр.11-101/3 од 12.09.2024.
4. Одговор од Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина со бр. 11-101/4 од 19.09.2024.
5. Одговор од Одделение за економски развој со бр. 11-101/5 од 19.09.2024.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 20.09.2024 година, под бр. 11-101/5.

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Евгенија Чукалева**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА